USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

BIRN BALKAN INVESTIGATIVE REPORTING NETWORK | MACEDONIA

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГ

## НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ ЗА ТЕМИТЕ ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС УТВРДЕНИ ЗАЕДНИЧКИ ОД НОВИНАРИТЕ И ОД ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ ЗА ТЕМИ ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС УТВРДЕНИ ЗАЕДНИЧКИ ОД НОВИНАРИТЕ И ОД ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Скопје, март 2017 година

**Издавач:**
Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН) – Македонија
Бул. ЈНА 24-1/2, 1000 Скопје, Македонија
Тел/ факс: +389 2 3290 280
E-mail: office.macedonia@birn.eu.com
web: www.birn.eu.com

**Изработил:**
Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин бр. 26-1/2, 1000 Скопје, Македонија
Тел/ факс: +389 2 3213 513
Web: www.ccc.org.mk

**Лектура:**
Оливера Корвезировска

**Печати:** Винсент графика

**Тираж:** 200

Бесплатен/некомерцијален примерок

Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата наСАД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор, Програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија. Содржината на публикацијата е одговорност на Балканската истражувачка репортерска мрежа и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

**Партнери на проектот:**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД 6

МЕТОДОЛОГИЈА 8

РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ 10

- Клучни наоди 10
- Детални резултати 12

ПРЕПОРАКИ 30

# ВОВЕД

Медиумите се еден од најзначајните општествени двигатели од кои граѓаните се информираат за прашањата од јавен интерес. Оттука, обврска на медиумите е да овозможат граѓаните да ги добијат сите информации што им се неопходни за да заземат став за одредени прашања од јавен интерес. Во оваа смисла, снабдувајќи ги граѓаните со релевантни и објективни информации, медиумите влијаат врз подигањето на општото ниво на разбирање на јавните политики, овозможувајќи простор за јавна дебата за тие политики меѓу сите општествени чинители. Од друга страна, преку својата улога на чувари на јавниот интерес, медиумите настапувајќи во името на граѓаните отвораат расправа за одредени проблеми во општеството и вршат притисок врз властите и врз другите центри на моќ за одговори за тие проблеми.

За да можат медиумите да ја играат успешно оваа своја општествена улога потребна е соодветна поволна околина за тоа, воспоставување и почитување соодветни етички и професионални стандарди, но и соработка со другите општествени фактори кои делуваат слично и застапуваат слични интереси. Во оваа смисла пред сè станува збор за соработката со невладините организации како, исто така, многу значаен чинител во граѓанското општество кој главно делува кон унапредување на јавните политики и поширок пристап на граѓаните до разните сфери на одлучување во општеството.

Имајќи го ова предвид, во рамките на Проектот за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор како дел од Програмата на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија, во 2013 година беше спроведено иницијално истражување на начинот на кој медиумите известуваат за прашањата од поширок општествен интерес и за соработката меѓу медиумите и невладините организации при тоа известување.

Основна цел на мониторингот беше да обезбеди доволно, квалитетни и релевантни информации за анализа на начинот на кој медиумите во Македонија известуваат за прашањата од поширок општествен интерес детектирани на заедничката дебата меѓу претставници на невладините организации и новинарите.

Анализата на резултатите од мониторингот, освен тоа, послужи и како основа во дизајнирањето на работилниците со новинарите и невладините организации за зголемување на бројот и за унапредување на квалитетот на медиумските написи за избраните теми од заеднички интерес.

Со цел да се согледа трендот во начинот на медиумското известување за овие теми и да се процени правецот на движење, спроведен е уште еден идентичен мониторинг во 2016 година. Ова овозможува споредба на состојбата од пред три години и денес, според сите прашања што беа опфатени со мониторингот, односно:

- Во колкав обем македонските медиуми известуваат за секоја од анализираните теми?
- Дали при известувањето за овие теми се зачувани основните професионални стандарди во новинарството?
- Колку е медиумското известување балансирано, објективно и дали се консултираат сите страни од прикажаната?
- Дали написите се поттикнати од самостојни и оригинални истражувања на новинарите или се само известувања за настани организирани на овие теми?
- Дали и колку написите ги содржат елементите: веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет?

Освен за основната цел, резултатите и од овој мониторингот можат понатаму да послужат како основа за преземање низа други акции насочени кон подобрување на медиумското известување гледано општо, но и поединечно за секоја од анализираните теми. На новинарите може да им помогне да ги лоцираат слабите страни во сегашното информирање за анализираните теми и како патоказ за унапредување на нивното известување. На невладините организации, пак, анализата може да им укаже на областите во кои е потребен поголем ангажман во насока кон поредовно, попрофесионално и пообјективно информирање на јавноста.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата на мониторингот беше утврдена во 2013 година кога беше спроведен и првиот мониторинг на начинот на кој избран примерок од медиуми известува за десет теми од поширок општествен интерес, а кои беа заеднички утврдени од новинари и од претставници на невладини организации.

Изборот на медиумите чиишто написи[1] на зададените теми се анализираа беше направен имајќи ги предвид состојбата во медиумите, целите на мониторингот, потребите за анализа на резултатите од мониторингот, проектните постулати и поставеноста, како и претходното искуство во оваа област. Притоа, се водеше сметка избраните медиуми во примерокот да бидат релевантни, гледани/читани и соодветни за мониторинг, да бидат застапени електронски и печатени медиуми, медиуми коишто се гледаат/читаат на национално и на локално ниво, на македонски и албански јазик и медиуми од различна сопственичка припадност и уредувачка политика.

Оттука, изборот беше направен на следниве медиуми:

- МТВ1 – национална телевизија, јавен сервис, на македонски јазик;
- Алсат М – национална телевизија, на албански јазик;
- Тера ТВ – локална (регионална) телевизија од Битола, на македонски јазик;
- Дневник – национален дневен весник, на македонски јазик и
- Вест[2] – национален дневен весник, на македонски јазик.

1 Под заедничкиот збор „написи“ се подразбираат новинарски текстови во весници и прилози и други информации во телевизиските вести.

2 Почетно беше планирано наместо Вест, во избраните медиуми да влезе дневниот весник на македонски јазик Фокус, но поради неговото неизлегување беше направена замена со Вест, како најсличен дневен весник на првобитно планираниот.

Предмет на директен мониторинг беа написите во избран примерок на изданија на овие медиуми објавени во месеците јуни, септември и октомври 2016 година. Претходниот мониторинг беше спроведен врз изданијата на овие медиуми од април, мај и јуни 2013 година.

Станува збор за комбинација од квантитативен и квалитативен мониторинг кој како резултат, покрај нумерички податоци, дава и сознанија за квалитетот на анализираните написи, во смисла на зачувување на професионалните новинарски стандарди.

Објавените написи и нивната содржина, меѓу другото, се анализираа од следниве аспекти:

- Област/тема на која се однесуваат написите;
- Страница/дел од вестите каде што е објавен написот;
- Рубрика во која е објавен написот;
- Должина на написот;
- Најава на написот на насловната страница/форшпанот;
- Илустрации на написот;
- Автор на написот;
- Жанровска припадност на написот;
- Број, статус и локација на изворите;
- Фер и балансиран пристап;
- Повод за написот;
- Консултирање на засегнатата страна и начинот на кој е таа пренесена во написот и др.

Мониторингот се спроведуваше преку пополнување (кодирано и описно) на претходно изработени, структурирани прашални листови (обрасци) за мониторинг и тоа за секој пронајден текст на некоја од опфатените теми.

Откако беа пополнети, прашалните листови/обрасците се обработија, процесираа и сумираа во специјално изработена матрица во која се добија збирните резултати од мониторингот како основа за изработка на анализата.

Предмет на анализа беа збирните резултати од мониторингот, а не одделните резултати од кој било од вклучените медиуми.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## *Клучни наоди*

Станува збор за мониторинг спроведен во 2016 година според истата методологија и врз истите медиуми како и во 2013 година со цел да се констатираат трендовите во начинот на којшто медиумите известуваат за темите од поширок општествен интерес.

- Малку е намален вкупниот број на текстови коишто се однесуваат на темите од поширок општествен интерес, а кој во 2016 година изнесувал просечно по три текста дневно, за разлика од 2013 година кога просечно дневно се објавувале по четири вакви текстови.
- Квалитетот на написите е значително подобрен според речиси сите анализирани параметри, иако сè уште има голем простор за натамошно подобрување од аспект на основните професионални стандарди, веродостојноста, релевантноста, довербата и кредибилитетот на написите, како и посеопфатно, продлабочено и подетално истражување и анализирање на третираните теми.
- Тема за која медиумите пишувале најмногу е „Добро владеење“ за разлика од 2013 година кога најзастапена тема била „Пристапувањето кон Европската унија“, која, пак, сега е на последното место како тема за која најретко се пишувало.
- Двојно е зголемен бројот на поголемите текстови, а намален бројот на малите текстови што значи дека на темите им е даден поголем простор во медиумите.
- Расте процентот на текстови кои се најавуваат на насловните страници во весниците и во ударните вести на телевизиите. Ова значи дека самите медиуми сè повеќе ги рекламираат овие текстови, веројатно свесни за нивниот квалитет или за влијанието врз поширокиот круг граѓани.

- Сè повеќе текстови се илустрираат како со општи, така и со оригинални и автентични фотографии и снимки од темите на коишто се однесуваат.
- Расте легитимирањето на новинарите-автори на написите. Се зголемува бројот на текстови кои се целосно потпишани, за сметка на намалувањето на анонимните текстови.
- Жанровски, доминантен дел од написите и натаму се вести, но расте застапеноста на жанровите како анализата и репортажата, додека процентот на истражувачките приказни останува на 3%.
- Повеќе од половина од написите имаат два, три и повеќе извори, додека се намалува бројот на текстови со еден или без ниту еден извор. Значајно се намалени написите без извори.
- Бројот на текстови со наведени извори е зголемен за сметка на намалување на бројот на текстови со анонимни и без извори.
- И натаму, повеќе од половина од написите имаат само една страна, но расте бројот на текстови во кои се застапени две, три и повеќе страни.
- Без каква и да е промена, во две третини од написите е консултирана само едната страна во приказната.
- Министерствата и особено Владата се јавуваат помалку како извори во написите, за сметка на зголемување на користењето на извори лоцирани во локалната самоуправа, судовите, обвинителството и синдикатот. Невладините организации и натаму се посочуваат како извор само во мал дел од написите.
- Намален е бројот на текстови кои се засноваат врз псевдонастани (прес-конференција, соопштение, изјава и сл.), за сметка на оние кои се темелат врз оригинални или автентични настани. Само 8% од написите произлегле од оригинални истражувања на новинарите.
- Владините институции и партиите помалку, а локалните институции и судовите повеќе се јавуваат како организатори на псевдонастаните коишто биле повод за пишување на написите од поширок општествен интерес. 9% од написите се темелат врз настан организиран од невладина организација.

# Детални резултати од мониторингот

Предмет на мониторинг и анализа беа вкупно 300 написи кои се однесуваат на десетте теми од поширок општествен интерес и беа објавени во опфатените медиуми во периодот на мониторинг. Имајќи предвид дека во периодот на мониторинг петте опфатени медиуми имале вкупно 93 изданија, просечно дневно се објавувале по три текстови кои се однесувале на анализираните теми.

## 1. На која тема се однесуваат текстовите

**„Пристапување кон ЕУ" од најзастапена, станала најмалку застапена тема:** Главната разлика меѓу известувањето на медиумите за избраните теми од поширок општествен интерес во 2013 и во 2016 година, а во однос на застапеност на темите е што во 2016 година најзастапена тема била „Добро владеење" на која отпаѓаат 25% од написите, додека во 2013 година главна тема била „Пристапување кон ЕУ" на која се однесувале 17% од написите. Сега, пак, оваа тема е на последното место, како најмалку застапена тема со само 1% од написите.

Најзастапена тема, односно тема за која медиумите објавиле најмногу текстови во периодот на мониторинг е „Добро владеење". По неа следи темата „Квалитет на живот", а потоа група теми со слична застапеност: „Образование и млади", „Животна средина", „Човекови права" и „Здравство и права на пациенти". Најмалку текстови, односно најмалку застапена тема од сите анализирани десет теми од поширок општествен интерес е темата „Пристапување кон ЕУ", а меѓу темите за кои има најмалку објавени текстови се „Културна политика", „Општествена вклученост на маргинализирани групи" и „Меѓуетнички односи".

### Тема на којашто се однесуваат написите



Споредено со истиот ваков мониторинг спроведен во 2013 година, главната разлика е во најзастапената тема. Темата којашто била најзастапена пред три години, односно „Пристапување кон ЕУ“, сега е најмалку застапена. Исто така, има значителен пораст во бројот на текстови од најзастапената тема во 2016 година „Добро владеење“, на која во 2013 година се однесувале 14% од написите, а во 2016 година дури една четвртина од сите написи, односно 25%.

### Споредба меѓу застапеноста на темите во 2013 и 2016 год.




## 2. Должина на написите

**Пораст на големите и намалување на кратките написи:** Во 2016 година, на написите кои се однесуваат на темите од поширок општествен интерес им е даден значително повеќе простор во однос на 2013 година. Сега, дури две третини од написите се долги (66%), додека во 2013 година, долги биле само малку повеќе од една третина од нив (38%). Спротивно, во 2016 година имало двојно помалку кратки написи, во однос на 2013 година.

Иако станува збор за теми од поширок општествен интерес за кои, очекувано, новинарските написи треба да бидат поголеми, сепак, анализираните написи се со најразлична должина. Доминираат долгите написи (66%), а значително помалку има написи со средна должина (19%) и кратки (15%).

## Должина на написите




Споредено со претходниот мониторинг, има значителен напредок во оваа смисла, односно двојно е зголемен бројот на подолгите написи, за сметка на кратките, двојно намалени написи. Ова значи дека на овие теми кои се од пошироко општествено значење и интерес во 2016 година им се отстапува значително повеќе простор во медиумите, отколку во 2013 година.

## Споредба меѓу должината на написите во 2013 и 2016 год.



## 3. Најава на написот на насловната страница/ударните вести

**Повеќе написи се најавени на насловните страници/ударните вести:** Процентот на написите од пошироката сфера на општествен интерес коишто се објавени на насловните страници на весниците или во ударните вести на телевизиите во 2016 година (36%) е повисок, отколку во 2013 година (25%).

Иако дури 64% од написите кои се однесуваат на темите од поширок општествен интерес не се најавени на насловните страници во весниците и на ударните вести на телевизиите. Сепак, останатите 36% од написите се „рекламирани“, односно нивните наслови, дури и дел од содржината се најавени на насловните страници и во т.н. форшпани на телевизиите. Објавувањето на написите на насловните страници или во ударните вести вообичаено е поврзано со нивниот квалитет. Имено, доколку медиумите сметаат дека написот открива нешто што е важно и од голем интерес на публиката тогаш го објавуваат на насловната страница или во најавата на ударните вести за да привлечат поголем број читатели, односно гледачи со тоа.

### Дали написот е објавен на насловната страница или во ударните вести?




И овој пат се потврдува дека овој број кореспондира со бројот на написите што можат да се оценат како поквалитетни од аспект на број на извори, застапеност на вклучените страни, консултирање и цитирање на засегнатите страни и сл. Ова значи дека на насловните страници или во ударните вести се најавени поквалитетните содржини што може да упатува на заклучокот дека медиумите се свесни за квалитетот на својата работа и дека доколку би имале повеќе квалитетни написи, тие би ги објавиле и на насловните страници и во ударните вести.

Споредбата со мониторингот пред три години и во однос на ова прашање покажува извесно подобрување. Имено, во 2013 година, на насловната страница или во ударните вести биле најавени само една четвртина (25%) од темите од поширок општествен интерес, додека во 2016 година овој процент порасна на повеќе од третина од написите, односно 36%.

### Споредба меѓу најавата на написите во 2013 и 2016 год.




## 4. Илустрирање на написите

**Помалку содржина без каква и да е илустрација:** За разлика од 2013 година кога 21% од написите од поширок општествен интерес воопшто немале каква и да е фотографија или видео илустрација, во 2016 година овој процент е намален на 7%.

Дури 42% од написите се илустрирани со оригинална или автентична фотографија или снимки директно поврзани со она за што се пишува во нив. Половина од написите, односно 51%, се илустрирани со општа фотографија која е поврзана и ја следи темата, а само 7% не содржат никаква фотографија или илустрација.

### Дали написот содржи фотографии/снимки?



Ваквата состојба, иако значи подобрување во однос на 2013 година кога дури 21% од написите немаа каква и да е фотографија или илустрација, сепак и натаму е далеку од задоволителна, бидејќи за темите од поширок општествен интерес е од исклучителна важност секогаш кога е тоа можно да бидат поткрепени со оригинални фотографии/снимки кои им помагаат на граѓаните појасно и поцелосно да ја разберат проблематиката и подобро да бидат информирани.

### Споредба меѓу илустрирањето на неписите во 2013 и 2016 год.




## 5. Автори на написите

**Помалку непотпишани написи:** Авторите на написите во 2016 година биле потпишани во 56% од написите, за разлика од 2013 година кога овој процент изнесувал 49%. Непотпишани во 2013 година биле 25% од написите, , а во 2016 година овој процент паднал на 15%.

Во повеќе од половина од написите (56%) кои се однесуваат на темите од поширок општествен интерес, авторот е познат и тој е потпишан со целото име и презиме. Во малку повеќе од четвртина од написите авторот е потпишан само со иницијали (13%) или воопшто не е познат (15%). Во 13% од написите, авторот е потпишан само со иницијали. 1% од написите се преземени од друг медиум, а 14% ги чита водителот.

Сè уште високиот процент на написи во кои авторот не е познат или е потпишан само со иницијали (42%), произлегува оттаму што најголем број од написите, жанровски, се кратки вести и во такви случаи, вообичаено, авторите не се пишуваат, се пишуваат само со иницијали или тие вести ги чита водителот.

## Дали е потпишан авторот на написот?




Споредено со 2013 година, во 2016 година има подобрување и од аспект на поголемо легитимирање на авторите на написите. Во 2016 година авторот е целосно потпишан во 56% од случаите (49% во 2013 год.). Значително е помал бројот на содржини во 2016 година во кои авторот не е потпишан (15%), за разлика од ваквите написи во 2013 година (25%). Објавувањето на авторите на новинарските текстови се смета дека значително придонесува кон градење на кредибилитетот на соодветниот медиум, зголемувајќи ја довербата на граѓаните во него. Спротивно, непотпишаните содржини губат на релевантност и оставаат простор за сомневање дека основната причина за објавување одреден текст не е објективното информирање на граѓаните.

## Споредба меѓу легитимирањето на авторите во 2013 и 2016 год.



## 6. Жанровска припадност

**Помалку вести, повеќе анализи:** Без позначајни промени во жанровите: Во 2016 во однос на 2013 година, малку е намален бројот на написите во жанровите вест и проширена вест, за сметка на зголемувањето на написите од другите жанрови како анализата и репортажата.

Наспроти тоа што станува збор за теми од поширок општествен интерес за кои е логички да се застапени другите жанрови, освен вестите, сепак, 69% од написите им припаѓаат на вестите (20%) и проширените вести (49%). Следуваат анализата како жанр со застапеност од 11% и репортажата со 4%. Истражувачката сторија е застапена само во 3% од анализираните содржини, исто колку и интервјуто.

Објавувањето на авторите на новинарските текстови се смета дека придонесува значително кон градење на кредибилитетот на соодветниот медиум, зголемувајќи ја довербата на граѓаните во него. Спротивно, непотпишаните текстови губат на релевантност и оставаат простор за сомневање дека основната причина за објавување на одреден текст не е објективното информирање на граѓаните.

### Новинарски жанр на текстот/прилогот




Во споредба со 2013 година, има мало подобрување во смисла на повеќе написи во другите жанрови, како анализата и репортажата, за сметка на помалкуте написи во двата основни жанрови вест и проширена вест. Ова кореспондира и со подолгите написи во 2016 година, споредено со 2013 година. Ако во 2013 година

имало 74% од написите во жанрот вест, во 2016 година овој процент е намален на 69%. За еден процентен поен е зголемена застапеноста на анализата (од 10% на 11%) и на репортажата (од 3% на 4%). Нема поместување кај истражувачката сторија на која и во 2013 и во 2016 година и припаѓале по 3% од написите. Иако има мало подобрување во однос на 2013 година, состојбата и натаму е загрижувачка, имајќи предвид дека за голем дел од темите за кои станува збор, побјективно информирање на граѓаните е можно само преку посеопфатни истражувања на новинарите.

## Споредба меѓу жанровите на написите во 2013 и 2016 год.




## 7. Број на изворите



**Меѓу најзначајните подобрувања:** Значително е подобрена состојбата со бројот на изворите во анализираните написи во 2016 година во однос на 2013 година. Зголемен е бројот на написите со два извора, а намален бројот на написите со еден извор и без извори.

Во 39% од написите има само еден извор, додека само 2% немаат ниту еден извор. Со два извора се 36% од написите, додека три и повеќе извори има во 23% од написите. Именување на изворите и припишување потекло на информациите се меѓу основните правила на професионалното новинарство што на написите им дава веродостојност и кредибилитет.

### Извори - број




Споредено со резултатите од мониторингот на начинот на којшто медиумите известувале за темите од поширок интерес спроведен во 2013 година, има значително подобрување кај бројот на изворите во написите. Зголемено е учеството на написите со два извора од 17% на 36%, а намален е бројот на написите со еден извор од 53% на 39% и на оние без извори од 7% на 2%.

### Споредба меѓу бројот на извори во написите во 2013 и 2016 год.




## 8. Статус на изворите

**Повеќе наведени, а помалку анонимни извори:** Бројот на написите со наведени извори е зголемен за сметка на намалувањето на бројот на написите со анонимни или без извори.

Кај статусот на изворите и натаму доминираат написите со наведени извори (88%), додека само во 2% од написите изворите се анонимни. И наведени и анонимни извори има во 8% од написите, а 2% немаат никакви извори.

## Извори - статус




Кога станува збор за статусот на изворите, има мало, но не и неважно подобрување, бидејќи е зголемена процентуалната застапеност на написите со наведени извори од 86% на 88%, а намален бројот на написите само со анонимни извори од 3% на 2%. Зголемен е и бројот на написите и со двата вида извòри, односно и наведени и анонимни од 4% на 8%, а намален бројот на написите без извори од 7% на 2%.

## Споредба меѓу статусот на изворите во написите во 2013 и 2016 г.



## 9. Страни во приказните

**Повеќе страни се вклучени во приказните:** За разлика од 2013 година, во 2016 година застапеноста на написите со две и повеќе страни е зголемена, за сметка на намалувањето на бројот на написите во кои е застапена само една страна.

Една страна во приказната имаат 53% од написите, додека во 30% се претставени двете страни, а во 15% повеќе страни во приказната. Избалансираност на изворите, односно претставување на двете (или повеќе) страни во приказната е едно од најсуштинските правила на новинарската професија. Со тоа претставувањето само на едната страна во приказната, ја доведува во прашање објективноста.

### Извори - страна




Кај застапеноста на страните во написите има едно од најзначајните подобрувања во начинот на којшто медиумите известувале за темите од поширок општествен интерес во 2016, во однос на 2013 година. Ако во 2013 година една страна имало во 66% од написите, овој процент во 2016 година е намален на 53%. Подобрување има и кај бројот на написите со две или повеќе страни и тоа, застапеноста на написите со две страни е зголемена од 21% на 30%, а на оние со повеќе од две, од 6% на 15%.

### Споредба меѓу страните во написите во 2013 и 2016 год.



## 10. Лоцирање на изворите

**Помалку државните, а повеќе другите институции и сектори:** Главната промена во локацијата на изворите во новинарските написи во 2013 и во 2016 година е што министерствата и особено Владата се јавуваат помалку како извори во написите, за сметка на зголемување на користењето извори лоцирани во локалната самоуправа, судовите, обвинителството и синдикатот.

Најзастапени извори кои се наведени и цитирани во анализираните написи се оние лоцирани во државните институции (влада, министерства, државни агенции и сл.) на кои им отпаѓа 31% од сите извори. Следни, според учеството, се извори кои доаѓат од локалната самоуправа (9%) и од невладиниот сектор (8%). Натаму, според застапеноста, се изворите од политичите партии (7%), од судството (5%) и од бизнис-секторот (4%). Со по 3 процентна застапеност се изворите лоцирани во универзитетите, обвинителство, здравствените институции и синдикатите. Најмалку извори се лоцирани во образованието (2%) и установите од културата.

### Извори - локација




Споредено со 2013 година, има подобрување во смисла на проширување на користените извори од други институции, покрај од државните, односно Владата, министерствата и другите државни институции. Во 2016 година е намален бројот на написите со извори кои се лоцираат во државните институции и тоа извори од Владата имало само во 1% од написите (8% во 2013 год.), а од министерствата во 13% од 18% во 2013 година. Спротивно, зголемена е застапеноста на извори од локалната самоуправа од 6% на 9% од написите, од судовите од 1% на 5%, од обвинителствата од 0,5% на 3% и од синдикатите исто така од 0,5% на 3%.

Невладините организации како извори се со иста застапеност од 8%. Нема промени ниту кај користењето како извор на бизнис-секторот (4%), политичките партии (7%), универзитетските експерти (3%), образовните институции (2%) и установите од културата (2%).

## Споредба меѓу локацијата на изворите во 2013 и 2016 год.




## 11. Консултирање на засегнатата страна

**Без промени:** Нема промени во односот кон засегнатата страна во написите од аспект на нејзино консултирање. И во 2013 година и во 2016 година, во 63% од написите не е консултирана засегнатата страна во приказната.

Засегнатата страна во текстот/приказната не е консултирана во речиси две третини од написите (63%). Во написите во кои таа е консултирана, во третина

(33%) од случаите дала изјава, а само во 4% од написите, засегнатата страна е консултирана но не сакала да даде изјава. Со ова, написите губат на објективноста, бидејќи со тоа што не е консултирана засегнатата страна се доведува во прашање фер третманот што мора да е задолжителен елемент на секој новинарски текст. Фер третманот значи дека сите страни вклучени во приказната се третираат без фаворизирање, а во случајов, со неконсултирање на засегнатата страна во две третини од написите, некоја друга страна добила фаворизирачки третман.

### Дали е консултирана засегнатата страна?




## 12. Повод за написот

**Повеќе написи врз основа на автентични настани:** „Диригираните“ настани како повод за новинарски написи биле помалку застапени во 2016, отколку во 2013 година, наспроти актуелните и автентичните настани кои биле повод за многу повеќе написи.

Речиси во еднаков број написи од поширок општествен интерес повод биле „креирани“ или псевдонастани (41%) и актуелни или оригинални настани (38%). Во 13% од написите не може да се оцени поводот што довел кон пишување и објавување на текстот, а во 8% станувало збор за оригинално истражување на новинарот.

## Повод за написот




Има значително подобрување во оваа смисла во однос на 2013 година кога псевдонастаните биле повод за дури 60% од написите, за разлика од 2016 година кога овие настани биле повод за 41% од написите. Спротивно, актуелен или автентичен настан бил повод само за 18% од написите, додека во 2016 година овој процент се зголемил за повеќе од двојно, на 38%. Оригинално истражување на новинарот како повод за настанот останало на речиси идентично ниво. Иако има говори за тоа дека, иако станува збор за теми од поширок општествен интерес, сепак информирањето на медиумите за овие теми, главно, го „диригираат“ фактори надвор од медиумите. Со ова, медиумите не ја остваруваат целосно својата многу значајната улога во општеството, а граѓаните не добиваат независни и објективни информации кои им се потребни за носење важни одлуки за нивното секојдневно живеење и работење.

## Споредба меѓу поводот за написите во 2013 и 2016 год.



## 13. Организатори на настаните

**Владата и партиите помалку, локалните институции и судовите повеќе:** Другите јавни институции наместо Владата водат како организатори на псевдонастаните коишто биле повод за пишување на написите од поширок општествен интерес. Во 2016 година имало повеќе настани креирани од локалните институции и судовите, а помалку од политичките партии отколку во 2013 година.

Другите јавни институции различни од владините водат на списокот на организатори на псевдонастаните кои биле повод за известување за темите од поширок општествен интерес. Овие институции биле организатори на псевдо настаните во 18% од случаите. Следни на списокот со 16% се владините институции, по што следат невладините организации и судовите со по 9% од настаните. Локалната власт била организатор на настаните во 8% од случаите, политичките партии во 4% и бизнис-секторот во 2%.

### Организатор на настанот




Споредено со претходниот мониторинг во 2013 кога владините институции водеа убедливо како организатори на псевдонастаните (27%), коишто биле повод за новинарските написи, во 2016 година најмногу вакви настани организирале другите јавни институции (18%), додека владините се јавиле како организатори на настаните во 16% од случаите. Повеќе написи биле напишани во 2016 година врз основа на настани организирани од локалните институции (8% наместо 4% во 2013 год.), судските институции (9% наместо 2% во 2013 год.), додека невладините организации се јавуваат како организатори на настани во 9% од случаите, еден процентен поен помалку отколку во 2013 година, кога се јавиле како организатори

на 10% од настаните. Соодветно на тоа, нема промена и во процентот на застапеност на изворите од невладиниот сектор како извори во написите во 2016 и во 2013 година, што беше споменато понапред во овој извештај.

Споредба меѓу организаторите на настаните во 2013 и 2016 год.



# ПРЕПОРАКИ

Имајќи предвид дека, и покрај извесното подобрување на начинот на којшто медиумите ги `третирале` темите од поширок општествен интерес, сѐ уште постои голем простор за подобрување и тоа од сите аспекти опфатени со мониторингот и со анализата на резултатите, на новинарите, медиумите и невладините организации им се препорачува следново:

1. Медиумите да го интензивираат информирањето на јавноста за темите што се од пошироко општествено значење, со што ќе им овозможат на граѓаните пристап до поширок спектар на информации кои се потребни за да учествуваат на вистински и ефикасен начин во процесите кои влијаат врз нивниот живот и работа.

2. Новинарите да ги применуваат основните професионални стандарди кога известуваат за темите од пошироко општествено значење известувајќи точно, балансирано и фер и водејќи сметка за веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет на своите текстови, односно:

   - Да објавуваат факти;
   - Да ги проверуваат и потврдуваат добиените информации;
   - Да ги прошируваат списоците на извори и да цитираат повеќе од еден извор;
   - Да ги опфаќаат и да ги консултираат сите страни во приказните;
   - Еднакво да ги третираат сите страни во приказната;
   - Да обезбедуваат и да нудат докази за тврдењата во приказните;
   - Да ги илустрираат своите текстови, секогаш кога е можно, со оригинални и автентични фотографии и снимки;
   - Да ги потпишуваат своите текстови.

3 Новинарите да го практикуваат, сопственициите да го поддржуваат и уредниците да го охрабруваат истражувачкото новинарство за темите од поширок општествен интерес како начин медиумите да ја остваруваат својата општествена улога и да ги зголемат довербата и кредибилитетот кај јавноста, а со тоа и сопствените приходи.

4 Медиумите да вложуваат (средства, време, техника и напори) во дополнително едуцирање на новинарите и уредниците не само за почитување на основните професионални стандарди на професијата туку и за техниките и методите на истражувачкото новинарство.

5 Медиумите да им овозможуваат на своите новинари правна и друг вид заштита за професионално и објективно информирање на јавноста, а новинарите да ги користат и постојните законски одредби во оваа насока.

6 Еснафските здруженија и организации треба да ги интензивираат своите напори за да обезбедуваат услови новинарите и другите медиумски професионалци да ги извршуваат своите работни обврски професионално и ослободени од стравови и притисоци.

8 Невладините организации треба да негуваат односи на постојана, наместо ад-хок комуникација со медиумите, давајќи им ја потребната поддршка (експертска и во ресурси) во истражувањето и известувањето за темите од пошироко општествено значење.

9 Невладините организации треба да вклучуваат активности за едукација на новинарите во сите проекти што ги спроведуваат во областите од поширок општествен интерес што е основа за поквалитетно информирање на граѓаните. Невладините организации и медиумите треба да ја засилат својата соработка во насока на остварување на својата општествена улога на клучни фактори на демократските процеси во земјата.

10 Домашните и меѓународните донатори да продолжат со своите напори за поддршка на новинарите, медиумите и граѓанските организации во насока на професионално и објективно информирање на јавноста за процесите и темите од пошироко општествено значење во земјава.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.7:316.774(497.7)”2016”(047)
36:316.774(497.7)”2016”(047)

РЕЗУЛТАТИ од мониторингот на известувањето на медиумите за темите од поширок општествен интерес утврдени заеднички од новинарите и од претставниците на невладините организации во Македонија. - Скопје : Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН), 2017. - 31 стр. : граф. прикази ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: “За истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор”

ISBN 978-608-65520-3-9

а) Јавен интерес - Медиумско известување - Македонија - 2016 - Извештаи б) Медиуми - Унапредување на јавни добра - Македонија - 2016 - Извештаи
COBISS.MK-ID 102992138